ГРАЃАНСКИ ЦЕНТАР
АктивУм

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2022 ГОДИНА

## *СОДРЖИНА:*

Граѓански Центар Активум ---------------------------------------------- 3

Проект “Донесете свој уред” ---------------------------------------------- 5

Проект “Одлучувач” ------------------------------------------------------- 8

Проект “Учествувам, Учам, Одлучувам” ---------------------------- 11

Проект “Подобри можности прилагодени кон потребите на неразвиените области” ------------------------------------------------------------------------ 14

Партнери и Соработници ---------------------------------------------- 20

## *ГРАЃАНСКИ ЦЕНТАР АКТИВУМ*

Здружението за активизам, едукација, култура и уметност Граѓански центар “АктивУМ” е здружение на граѓани посветено на промовирање, информирање, едукација, дискусија, соработка и развивање на културни, уметнички и социјални програми, со акцент на вклучување на младите. Формирано е со слободно здружување на граѓани во 2002 година, а пререгистрирано во 2019 година.

Водени од **визијата** – Општество на информирани, одговорни и активни граѓани, здружението се стреми целосно да ја исполни својата **мисија** за унапредување и зајакнување на граѓанското општество и локалните заедници преку:

- подобрување на неформалната директна и индиректна едукација на населението;
- поттикнување на граѓанското учество и активизам;
- промоција на недискриминација и зајакнување на ранливите членови на заедниците;
- зајакнување на меѓуетничките односи и
- економски и културно уметнички развој;

**Цели на Здружението:**

- Унапредување и афирмација на сите аспекти на културниот живот на локалното население со цел подобрување на квалитетот на живеење и мотивација за учество во донесувањето на општествено одговорни одлуки;
- Поддршка и јакнење на младинскиот активизам и волонтерство во локалната заедница;
- Промоција и заштита на човековите права на сите маргинализирани категориии на граѓани и зајакнување на ранливите членови на заедницата, со посебен фокус на лицата со физичка и ментална попреченост;
- Вмрежување и соработка во рамки на самата, но и со други локални заедници со цел размена на искуства и добри практики во решавањето на локалните и универзалните потреби на сите категории на граѓани во самата локална заедница;
- Зајакнување на капацитетите на Здружението АктивУМ, со цел поефикасно спроведување на мисијата и целите;

Начелата според кои се раководи здружението се еднакви можности, недискриминација, вклученост, родова еднаквост и дијалог кој охрабрува активизам и води кон личен и колективен развој на заедницата.

Во 2022 година Здружението беше фокусирано кон реализација на тековните проекти, и зајакнување на партнерствата на локално и национално ниво.

**Во 2022 година ги реализиравме следните проектни активности:**

- Активности од проектот "Донесете свој уред";
- Активности од проектот "Одлучувач";
- Проектот "Учам, Учествувам Одлучувам";
- Активност од проектот "Подобри можности за неразвиените области";

## *ПРОЕКТ: ДОНЕСЕТЕ СВОЈ УРЕД - едукативен метод за подобрување на вработливоста кај лицата со интелектуална попреченост*

- **Период на реализација:** 15 Октомври 2019 – 14 Март 2022 година
  Со анекс на договор пролонгиран до 14 Јули 2022 година

- **Финансиска подршка:** Еразмус + програма, К2 акција стратешко партнерство - образование на возрасни;

- **Партнери на проектот:** Здружение за лица со интелектуална попреченост од Р. Полска, Универзитетот Харан од Р. Турција, Фондација Еспурна од Р. Шпанија и Центарот за стручно оспособување МАРГАРИТА од Р. Грција.

- **Опис на проектот:** Луѓето со интелектуална попреченост можат да бидат вработени во заедницата и да заработуваат. Тие имаат право да бидат поддржани, да бараат и добиваат ресурси и да бидат успешни во вработувањето во заедницата. Да се биде во можност да се создаде „привлечна“ биографија, да се има концепт на разбирање и управување со времето, да се патува самостојно до и од работа, се само неколку од потребите што луѓето со интелектуална попреченост ги имаат во врска со вработливоста.

  Луѓето со типичен развој користат мобилна технологија за ги покријат тие потреби и да станат покомпетентни во барањето, добивањето и зачувувањето работа. Луѓето со интелектуална попреченост исто така имаат право да ги користат истите можности.

  Обука на лицата со интелектуална попреченост за употреба на мобилни технологии, како и на нивните тренери за тоа зошто и како да ги користат овие технологии, е суштината на проектот.

- **Целни групи:**

**Лица со интелектуална попреченост (ИП)** кои треба да бидат во околина која е стимулативна за нив со цел да овозможи нивен развој и независност на работно место. Лицата со ИП кои постојано со себе го носат својот дигитален уред, а користејќи го овој метод ќе добијат поддршка на училиште или на работното место, ќе развијат технолошки вештини, комункација, соработка и креативност со цел нивна целосна инклузија во општеството. Проектот на лицата со ИП ќе им даде можност да излезат од својата осаменост и да ја зголемат нивната одговорност, самодоверба и независност.

**Наставници, тренери, волонтери, како и родителите на лицата со ИП** вклучени во проектот кои ќе можат да ја збогатат едукативната програма со нов едукативен метод и на тој начин да се справат со предизвикот на вработување на лицата со ИП на отворен пазар на труд. Исто така, редовно ќе споделуваат искуства со колеги од други земји од слични институции или организации со што ќе се здобијат со нови уникатни вештини и знаење - докажани со практики, и истите ќе можат да ги применат во работата со лицата со ИП.

- **Реализирани активности во 2022 г.**

Во континуитет и во 2022 година продолжија да се реализираат вебинарите наменети за наставниците/тренерите и за лицата со интелектуална попреченост. Во 2022 година се одржаа 2 тематски **работилници за лица со интелектуална попреченост** за правилно користење на мобилните апликации и 2 работилници за едукаторите.

Подготвените 5 курикулуми за **МООС (Масивни Отворени Онлајн Курсеви)** наменети за тренери кои обучуваат едукатори, лица со ИП, наставници кои работат со лица со ИП, работодавачи кои сакаат да вработат лица со ИП и сите оние кои се заинтересирани да научат нешто повеќе за овој едукативен метод, се објавија на порталот и станаа јавно достапани за сите заинтересирани.

Завршниот настан од проектот се одржа на 24 март 2022 година. На истиот присуствуваа над 50 луѓе - родители на лица со попреченост, наставници, едукатори во дневни центри, работодавачи, волонтери и ентузијасти. Настанот го отвори Марија Тошева, претседателка на Граѓански центар Активум која се осврна на проектот, негово времетрање, активности и резултати. Сандра К. Саревска како социјален ментор при вработување на лицата со интелектуална попреченост се осврна на мобилните апликации при вработување на лицата со интелектуална попреченост. Бобан Поповски како ИТ експерт говореше за мобилните апликации и нивните позитивни страни од примената во секојдневниот живот на лицата со интелектуална попреченост. Настанот заврши со плодна дискусија за можностите на лицата со ИП при вработување користејќи ИТ алатки.




На 30 јуни и 1 јули 2022 година во Варшава се одржа последниот транснационалниот состанок на проектот БИОД. Партнерите на проектот од Турција, Северна Македонија, Шпанија, Полска и Грција се состанаа на местото наречено „Простор од Фејсбук“ во центарот на градот. На состанокот учествуваа 25 лица од кои 10 возрасни лица со интелектуална попреченост. Главната цел на овој состанок беше да се евалуираат едукативните алатки развиени во текот на проектот: вебинари, видеа, публикации и МООК-овите. Секој тим презентираше по една алатка и направи евалуација на нејзината ефикасност во вклучувањето на лицата со интелектуална попреченост на пазарот на трудот. На крајот, севкупната евалуација на сите едукативни алатки беше направена од сите учесници на состанокот.





# *ПРОЕКТ ОДЛУЧУВАЧ*

- **Период на реализација:** 15 Ноември 2020 – 14 Ноември 2023 година
- **Финансиска подршка:** Еразмус + програма, К2 акција стратешко партнерство - образование на возрасни,
- **Партнери на проектот:** Здружение за лица со интелектуална попреченост од Р. Полска, Здружение за грижа на лица со интелектуална попреченост "Вилтис" Р. Литванија, Фондација ПОДДРШКА и Фондација Кампус од Р. Шпанија и Центарот за стручно оспособување МАРГАРИТА од Р. Грција.

- **Целни групи:**

  **Лица со посебни потреби за учење** (интелектуална попреченост, социјална попреченост, проблеми со менталното здравје, итн.), кои по завршување на проектот преку концептот на поддржувано носење одлуки ќе имаат подобра контрола над нивниот живот што е директно поврзано со квалитетот на животот во заедницата во која живеат и делуваат. Поддржаното донесување одлуки им дава на лицата со посебни потреби за учење самодоверба и им помага да стекнат самоопределување и автономија.

  **Родители на лицата со посебни потреби за учење**, кои треба да бидат едуцирани и насочени во поддржаниот концепт на донесување одлуки.

  **Наставници, тренери, едукатори, волонтери и други поддржувачи.**

- **Активности на проектот:**

- **Изработка на анализа на моменталната состојба во врска со донесувањето одлуки базирана на интервјуа со возрасни лица со интелектуална попреченост, родители, терапевти и обучувачи.** Подготовка на дигитален водич кој ќе содржи интервјуа кои реално ќе ги прикажат бариерите и проблемите при поддржано донесување на одлуки.

- **ОДЛУЧУВАЧ – Мобилна апликација за лица со интелектуална попреченост и професионалци.**

  Доработка на апликацијата "Одлучувач" која претставува онлајн алатка која ќе може да се користи во секојдневниот живот при донесување одлуки. Кога одлучувачот сака да донесе одлука – ќе избере најдобро решение меѓу некои решенија за кои тој/таа собира знаење и кој најмногу одговара на неговите/нејзините критериуми.

- **Брошура во лесно читлива форма за поддржано донесување одлуки.** Подготовка на брошура за лица со интелектуална попреченост која ќе содржи информации за процесот на одлучување, стекнување знаење, преземање одговорност, барање поддршка. Исто така, во брошурата ќе биде претставена и апликацијата Одлучувач.

- **Мултимедијален пакет за поддржано донесување одлуки.** Подготовка на мултимедијален пакет кој ќе содржи интерактивни презентации за тренерите, едукативни филмови со лица со интелектуална попреченост, игри како и тестови со повеќе избори или други анкети.

- **ОДЛУЧУВАЧ - Методологија за поддржано донесување одлуки со употреба на ИКТ.** Подготовка на методологија за поддржано донесување одлуки која опфаќа анализа на основните елементи и добрите практики идентификувани во Водичот од претходната активност, и капитализирање на основните елементи со цел развој на универзален процес кој треба да биде инкорпориран во самата структура за испорака на услуги кај сите партнерски организации.

- **Педагошко пилотирање.** Подготовки со цел развивање универзална програма за обука за донесување одлуки. Во пилотирањето ќе бидат вклучени професионалци, тренери, едукатори, семејствата и лицата со интелектуална попреченост.
- **Обука.** Подготовка на обука на тема "Како да ги учиме и поддржуваме возрасните со посебни потреби и родителите во процесот на поддржано донесување одлуки.



**Реализирани активности:**

Во 2022 година проектниот тим ги реализираше третата и четвртата проектна активност т.е. изработка на брошурата во лесно читлива форма за поддржано донесување одлуки и мултимедијалниот пакет за поддржано донесување одлуки. Брошурата содржи информации за правата на лицата со попреченост, а објаснета е и процедурата за поддржано донесување одлуки во лесно читлива форма. Истата содржи и информации за мобилната апликација Одлучувач.

Мултимедијалниот пакет за поддржано донесување одлуки содржи интерактивни презентации (Kahoot, Mentimetar) за тренерите, едукативни филмови за лица со интелектуална попреченост, игри како и тестови со повеќе избори и анкети за родители на лицата со интелектуална попреченост.  Истиот може да се најде на повеќе јазици на проектниот веб портал: http://decider-project.eu/






## *ПРОЕКТ Учествувам, Учам, Одлучувам - зајакнување на млади лица под социјален ризик*

- **Период на реализација**: 15.04.2022 – 15.11.2022
- **Финансиска подршка:** Град Скопје, Одделение за детска, социјална и здравствена заштита
- **Партнери на проектот:** Јавната Установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение Скопје, и ЈУ Детски Дом 11ти Октомври во Скопје.
- **Целни групи:** Деца и младинци под социјален ризик (со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение и без родители и родителска грижа) згрижени во малите групни домови во Скопје;
- **Цели и активности на проектот:**

Општа цел на проектот е зајакнување на млади лица од 13-19 години под социјален ризик згрижени во малите групни домови во Скопје за самостојно делување, живеење и донесување одлуки преку креативно исполнување на слободното време, неформална едукација и зајакнување на личните комуникациски, социјални и работни вештини.

Преку низа на таргетирани активности се целеше кон остварување на специфичните цели на проектот:

1. Креирање на активно слободно време со цел промовирање на здрави стилови и навики на живеење, поттикнување на личен развој и остварување на личен потенцијал;
2. Зајакнување на меки вештини за кариерен избор и вработување;

Во самите активности посебен акцент се стави на промоција и овозможување на родова еднаквост, преку:

1. Овозможување на еднаков пристап до активности, информации и можности за личен развој и позитивни општестевени вредности на момчиња и девојчиња во рамки на проектот;
2. Родово сензитивизирање за животни вештини потребни за самостоен живот растеретени од родово наметнати улоги: готвење, образование, избор на занимање/професија итн.

**Реализирани активности:**

1.1. Совладување на англиски јазик како еден од универзалните светски јазици.

Еднаш неделно, сите заинтересирани деца имаа можност да поминат 1 до 2 часа со наставник/фацилитатор на работилница за совладување и подобрување на англиски јазик. Оваа активост се базираше на барањето на децата, бидејќи им треба за на училиште, каде заостануваат зад другите деца, но и заради самата желба да знаат јазик, заради подобра комуникација во социјалната средина, слушање музика, следење филмови и сл. Преку овие работилници: учесниците ги зајакнаа практичните вештини на - разбирање, пишување, зборување основен англиски, добија поддршка и олеснување на учењето во школо и пишувањето на домашни задачи; се даде придонес во личниот развој на индивидуално ниво.

1.2. Музичка работилница

На работилниците по музика децата се запознаа со инструментите (1 синтисајзер и 4 акустични гитари кои беа набавени преку проектот по завршување на проектот останаа на Установата за да може децата континуирано да вежбаат и стекнуваат музички вештини) и преку музиката се учеа да ги изразуваат своите емоции, мисли, желби и доживувања. Децата визуелно и аудитивно се запознаа со инструментите, со имињата, звукот, изгледот и дел од техниките кои се употребуваат. Во одреден дел од работилниците имаше употреба и на основните музички елементи: темпо, ритам, метар, тембр, мелодија, хармонија, форма и сл. Децата на работилниците изработија и свои инструменти, шејкери, со кои вежбаа различни ритми. Работилниците беа интерактивни, динамични, со максимално учество на децата и заради тоа високо вреднувани од учесниците.

На работилниците по музичко децата се запознаа и со техниките на синхронизирано свирење и пеење. Освен со гитарата како музички инструмент се запознаа и научија акорди на клавијатура и на пијано. Интересот за овие работилници беше голем и самите деца беа многу мотивирани, од работилница до работилница вежбаа совладување на акорди, се запознаваа со нови инструменти, си помагаа едни на други, а со тоа заедно учеа и напредуваа. Едукаторите во домовите за музички надарените деца добија насоки како да ги насочат во иднина и професионално овие деца да се занимаваат со музика.

2.1. Кариерно советување и ориентирање.

Темите на работилниците опфаќаа проценка на интересите, талентите, амбициите и мотивацијата на учесниците и изработка на личен образовен и кариерен план, преку дискусија на следните прашања:

- Што сакам да работам / правам?
- Што можам/знам да работам / правам?

- Што можам да направам уште сега за да стигнам до тоа што сакам да го работам (Кое школо да го изберам? Кои училишни предмети ќе ми користат за да научам повеќе и полесно да ја добијам работата што ја сакам? Какви оценки имам по овие предмети? Дали сум задоволен од оценките и како можам да ги поправам? Во кои други дополнителни часови или активности можам да учествувам и да се надоградам? Каде и како?)

2.2. Зајакнување на меки вештини за зголемување на можностите за вработување.

По проценка на интересите, талентите и амбициите на учесниците работилниците продолжија со запознавање на одредени основни алатки и вештини кои се важни за наоѓање работа. Заедно со фацилитатор, децата работеа на запознавање со професионална биографија (CV), разбирање на важноста на пишување на мотивационото писмо и вежбање на пишување на истото, подготовка за интервју со потенцијален работодавач, запознавање со онлајн алатки за пребарување на работа (македонски веб сајтови и нивно користење). Со оглед дека кај дел од децата писменото изразување беше континуиран проблем (посебно кога требаше да се вежба пишување ЦВ или мотивациско писмо), се воведе и опција за спремање на видео ЦВ како иновативна алатка која станува популарна кај ранливи категории на лица (лица со попреченост, лица со потешкотии во учење итн.). Видео ЦВто предизвика голем интерес и интерактивност, како во спремањето, снимањето, но особено се покажа добро во анализата и самоанализата на настапот, држењето, изборот на карактеристики што се бираат да се презентираат.

## *ПРОЕКТ*
## *Подобри можности прилагодени на потребите на неразвиените подрачја*

- **Период на реализација:** 01.04.2021 – 30.09.2022

- **Финансиска подршка:** Европската унија - ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Србија и Северна Македонија,

- **Партнери на проектот:** Националната алијанса за локален економски развој (НАЛЕД) од Белград, Здружението на жени „Ружа“ од Лебане, Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување „МИР“ од Скопје.

- **Цел на проектот:** Економско зајакнување, како и зголемување на вработувањето на популацијата од руралните средини (особено кај жените и младите) во Сурдулица, Власотинце, Лебане, Куманово и Старо Нагоричане и тоа преку:

- Воспоставување нови и унапредување на постоечките финансиски и нефинансиски поттикнувачки мерки во областа на производството и преработката на храна (земјоделски производи (суровини, готови производи), подготовка на традиционални слатки и јадења), традиционално селско занаетчиство – ракотворби (работи за облекување, уредување и опремување на домаќинствата са традиционални мотиви) кои се изработени со примена на традиционални техники, природни материјали;
- Давање директна (едукативно-менторска и студиска) поддршка во примена на поттикнувачки мерки и тоа по мерка на одбраните крајни корисници (жени и млади, занаетчии/производители) од руралните средини на 5 општини, што ќе придонесе за нивната подготвеност и/или јакнењето на нивната позиција на пазарот, за на пр.започнување сопствен мал бизнис, јакнење на конкурентноста на пазарот (на трудот), стекнување знаења и искуства од добрите деловни практики во вработувањето, како и поврзување со актерите и партнерите од интерес во прекуграничните подрачја, и сл.

- **Реализирани активности:**

**<u>Активност 1: Создавање на предуслови за развој и подобрување на вработливоста на руралното население од вклучените 5 општини.</u>**

Проектните активности се базираа на мапирање на природните, човечките и економски ресурси на општината, вклучуваји мапирање на најперспективните земјоделски готови

производи  и традиционални јадења, традиционални ракотворби (облека, уредување и опремување на домаќинствата со традиционални мотиви), и другите занаетчиски и туристички услуги и производи, а  во склад со тоа и мапирање на ресурсите и потребите на производителите / преработувачите / занаетчиите (со фокус на жените и младите) преку:

- *Анализа на документи и бази на податоци во општина Куманово* - преглед на постоечките локални документи, истражувања, стратегии и политики поврзани со дејностите во домен на рурален развој, како и комуникација преку дописи, барања и разговори со локалните институции со цел мапирање на потенцијалните области и дејности преку кои може да се стимулира вработливоста на руралното население во општина Куманово.

- *Мапирање на потреби/ интервјуа помеѓу крајни корисници во локалната заедница.* 3 типа на прашалници беа развиени за 3те сектори утврдени како најпотенцијални за развој на интервенции за поддршка: земјоделие, знаетчиство и агро туризам. Прашалниците беа пополнувани од анкетар преку теренски посети. Со истражувањето беа опфатени 60 индивидуалци кои работат во земјоделие (производство на земјоделски продукти, производство на храна и пчеларство), и занаети/рачни изработки. За жал, поедници кои се занимаваат со агро туризам не беа идентификувани. Од 60 испитаници, 40 се мажи, 20 се жени, при што мажите претежно се занимаваат со земјоделство, а жените со рачни изработки. Испитаниците доаѓаат од 17 различни населени места во општина Куманово (1 град, 16 села).

- *Спроведување на консултативни средби/теренски посети со засегнати страни.*

Во рамки на мапирањето беа направени и 10 консулттивни средби со претставници на здруженија и институции кои делуваат во 3те области од интерес - земјоделие, занаети, агри туризам, со акцент на жени и млади (10 институции/здруженија, 12 информанти од кои 6 мажи, 6 жени). Листата на консултации ги вклучува: Фондација за спорт и култура Куманово, Регионален Центар за едукација – средно земјоделско училиште Киро Бурназ, Здружение на пчелари Пчела, Хуманитарно здружение Мајка, Национална федерација на земјоделци на Македонија, Женско здружение Коло на српски сестри, Одделение за ЛЕР при општина Куманово.

- *Фокус група со засегнати страни.* Фокус групата се одржа онлајн, на платформа ЗУМ, а на истата учествуваа 11 надворешни и  3 внатрешни лица. На средбата беа презентирани првичните резултати од мапирањето и беше иницирана дискусија за тоа дали презентираните податоци се совпаѓаат со практично знаење на учесниците и дополнување на истите, кои инцијативи за подрршка веќе постојат на терен, и кои препораки би биле клучни за развој на областите од интерес,

- *Развивање на инфорграфици.* Прибраните информации од мапирањето беа сумирани во извештај, при што беа изготвени 5 извештаи за 5те општини посебно. Врз база на извештајот беа подготвени и инфографици, кои беа користени за промоција и видливост на резултатите.










**Активност 2: Воспоставување на мерки за поддршка за зголемување на вработливоста на руралното население во 5те вклучени општини.**

- *Проценка на потребите за обука на претставниците на општинските одделенија* при што беа направени 6 интервјуа за потребите зајакнување на вработените во општината во однос на темите/прашањата од интерес за поддшка на трите селектирани области за развој. Интервјуа беа направени со раководител и заменик раководител на Сектор за финансии при општина Куманово, раководител за Младински политики, раководител на Сектор за евроинтеграции, раководител на Сектор за ЛЕР, и 2ца советници од локалниот општински Совет.

- *Јакнење на капацитетие на претставници на општинските одделенија за локален развој* и локалните заедници да формулираат и активно спроведат мерки за поддршка. Врз база на напревените интервјуа за проценка на потребите, беше направен и реализиран план за обука кој се спроведе во рамки на 4 еднодневни работилници во Куманово (со физичко присуство) каде учесници беа 6 лица од општинските одделенија на општина Куманово.

- *Формирање на заедничко прекугранично тело за соработка и мониторинг на резултатите.* Прекуграничното координативно тело вклучи градоначалници, заменици на градоначалници, раководители на клучни одделенија во општините и претставници на здруженија на крајни корисници (пчелари, жени, производители, комора на занаетчии) од 5те партнерски општини на проектот. Од општина Куманово, 9 члена се вклучија во работата на прекуграничното тело, вклучувајќи го и градоначалникот г-дин Максим Димитриевски. Прекуграничното координативно тело имаше низа на средби, од кои дел

беа работни, дел беа обуки (10 онлајн обуки) преку кои се разгледуваа можностите за соработка, во рамки на проектот но и по завршување на истиот.




- *<u>Формулирање на мерки за поддршка, јавен консултативен процес за фидбек и интегрирање на мерки за подршка во локалните развојни планови.</u>* Мерките за поддршка беа формулирани врз база на податоците од мапирањето и консултациите водени од експерт за локален развој кој дополнително направи консултации со засеганти страни. Резултатите и мерките беа јавно претставени на Информативна работилница која се одржа во Куманово, пред 55 учесници и претставници на институции, здруженија на граѓани и индивидуални производители. Говорници на работилницата беа и претставници на ИПАРД, ГИЗ, Платформа на женско претприемништво, Североисточен Плански Регион, при што се даде поширока рамка и фидбек на можностие и потенцијалите за развој. За ГЦ Активум цел овој процес подразбираше директна и силна соработка со Секторот за ЛЕР и Секторот за меѓународна соработка и ЕУ интеграции при општина Куманово, меѓусебно споделување на информации и сознанија од процесите, при што претставниците од овое оддленија беа вклучени во сите фази на проектот, а претставници на Активум беа вклучени во процесот на развој на Стратегија за Рурален развој на општината, каде имавме можност да ги споделиме резултатие и препораките од мапирањето и да учествуваме во формулирањето на препораките за поддршка на земјоделието, занаетите и агро туризмот во рамки на стратегијата.

**<u>Активност 3: Градење на капацитетите на крајните корисници на проектот за нови форми на вработување и соработка во земјоделството и руралниот развој</u>**

- *<u>Тематски обуки за крајни корисници</u>* (земјоделци/ки и занаетчии/ки). 20 директни учесници беа мобилизирани од општина Куманово кои поминаа 2 тематски обуки од по 3 дена. Првата обука беше за зголемување на производствовто во земјоделието и занаетчиство, втората за продажба, брендирање и маркетинг.



- *Менторски сессии за одбрани крајни корисници* (земјоделци/ки, занаетчии/ки). 3ца пчелари и 2 занаетчии присуствуваа на менторските сесии.

- *Студиски посети за размена на искуства*. 2 студиски посети за  по 25 учесници (50 вкупно) беа организирани во Македонија и во Србија. Целта беше да се сподели искуство и добри практики помеѓу крајните корисници на проектот, но и да се зајакне прекуграничната соработка и стратешко парнерство помеѓу 5те општините вклучени во проектот, преку средби на градоначалниците и планирање на следни чекори.




**Активност 4: Промоција и видливост**

- *Кампања* преку социјални медиуми (организиациските профили на партнерските организации, локални онлајн портали) и изработка на принтани материјали.

- *Информативни работилници*. Граѓански Центар Активум и Фондација МИР од Скопје организираа јавна информативна работилница насловена "Мерки за поддршка и нови перспективи за инклузивен локал економски развој" со специфичен фокус на жени од рурални подрачја. 10те  говорници вклучија претставничка на Министерство за Локална Самоуправа, Сектор за ЛЕР од општина Куманово, Севериосточен Плански Регион, ИПАРД, ГИЗ, Национална Платформа за женско претприемништво, како и Фондација Мир и

Граѓански Центар Активум. 55 индивидуалци присуствуаа на работилницата во Куманово, каде оствен преставници на институциите и организациите присуствуваа и директни крајни корисници на проектот – пчелари/ки, земјоделци/ки и занаетчии/ки.

- *Финална/завршна конференција*. Со цел сумирање, промоција и видливост на резултатите од проектот финална конференција беше организирана онлајн. Учесници беа партенрите, соработниците, членовите на прекуграничното координативно тело, претставници на општините и секако крајните корисници на проектот.





## *ПАРТНЕРИ И СОРАБОТНИЦИ:*

Општина Куманово

Град Скопје

МИР Фондација Скопје

NALED Србија

Здружение на жени Роза Србија

Порака Нова – Струга

Порака Неготино – Неготино

СОУ “Никола Карев” Струмица

Јавна Установа за згрижување на деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение Скопје

Јавна Установа  за деца без родители и родителска грижа “11ти Октомври”

Здружение за лица со попреченост Полска

VILTIS Литванија

Support Girona Шпанија

Campus Arnau D’escala Шпанија

Margarita VTC Грција

ESPURNA Шпанија

Harran University Турција

Комора на Занаетчии Куманово

Хуманитарно здружение Мајка Куманово

Здружение Пчела Куманово

Фондација за култура и спорт Куманово

Национална Федерација на Фармери на Македонија

DOCTA Полска